# Упатство за користење на мобилната апликација My Unibank на УНИ Банка АД Скопје

02.2026

УНИБанка
Твојата Банка

Содржина:


**1. НАЈАВА** ..... 3

**2. ПОЧЕТНА СТРАНА** ..... 4

**3. СМЕТКИ и ДЕПОЗИТИ** ..... 5

3.1 СМЕТКИ ..... 5

3.2 ДЕПОЗИТИ ..... 8

**4. ПЛАЌАЊА** ..... 12

4.1 Плати на пријател ..... 13

4.2 Мои сметки- пренос помеѓу сопствени сметки ..... 14

4.3. Плаќања (режиски трошоци, Буџет, Плаќање со фоилио број, користење на шаблон) ..... 15

**5. КАРТИЧКИ** ..... 21

**6. ДРУГО** ..... 22

6.1 Апликации- кредити, депозити, известувања ..... 22

- Кредити ..... 23

6.2 Дополнително ..... 24

- Нов траен налог и Регистар на траен налог ..... 25
- Извештај за надоместоци   и Услуги ..... 26
- Известување за девизен прилив ..... 27
- Мој буџет ..... 28
- Visa+ Испрати/Прими пари преку мобилен телефонски број ..... 33

6.3 Барања ..... 38

- Барање за УНИ СМС услуга ..... 39
- ПАКЕТИ ..... 40
- Договарање на курс ..... 41

6.4 Информации ..... 42

6.5 Јазик, помош, пораки, приспособувања ..... 43

# 1. НАЈАВА

Мобилната апликација е достапна за преземање од каталогот за апликации на App Store, Google Play и Huawei AppGallery. Потребната верзија на оперативниот систем е минимум IOS 16 односно Android 8.0 (Oreo). Со оваа апликација можете да плаќате директно од истата или со скенирање на QR код и на web верзијата на интернет банкарство на Банката достапна на линкот www.e-unibank.mk
Најавата е брза и лесна, во само три едноставни чекори ја завршувате процедурата за најава/регистрација и издавање на токен:










### Чекор 1

По инсталирање на апликацијата преку продавницата од мобилниот уред се најавувате со корисничко име и лозинка.
За најава на електронско банкарство преку веб апликацијата Е-УНИБанка и за најава на мобилната апликација My Unibank се користи исто корисничко име и лозинка.
При промена на мобилен уред откако ќе ја инстлирате апликацијата правите најава на новиот уред со корисничко име и лозинка кои веќе сте ги користеле.

### Чекор 2

Во следниот чекор апликацијата бара да се внесе 6 (шест) цифрената OTP лозинка, која ја добивате преку СМС на мобилниот број доставен во Банката при регистрација на корисничкиот профил.

### Чекор 3

Со внес на 6 (шест) цифрената лозинка ќе Ви биде побарано да внесете пин код кој се состои од 4 цифри. PIN кодот го создавате самостојно и истиот не треба да се состои од лесно разбирлива комбинација, од идентични односно последователни броеви или хоризонтална односно вертикална низа на броеви на тастатурата. Веднаш потоа има pop-up порака во која се дава избор за употреба на PIN или Биометрија (Fingerprint or Face recognition) за работа преку мобилната апликација.

УНИБанка
Твојата Банка

## 2. ПОЧЕТНА СТРАНА




**Сметки**- приказ на состојба на сметките на клиентот и можност за пристап до детали за сметката и плаќања.

**Депозити** - приказ на состојба на депозитите на клиентот и можност за пристап до детали за депозити како и отварање на нов депозит.

**Документи** – пристап до документи кои чекаат потпис од клиентот - “Документи за потпис” и приказ на документи кои ги потпишал клиентот “Доставени документи”.

**Мои картички** – приказ на дебитни и кредитни картички, како и можност за пристап до детали за секоја картичка.

УНИ Банка
Твојата Банка

## 3. СМЕТКИ и ДЕПОЗИТИ
### 3.1 СМЕТКИ




Преку оваа опција може да ги следите Вашите сметки како и последните трансакции направени од конкретната сметка.
Имате достап до картичките поврзани со сметката, генерирање на извештаи, достап до мени за плаќања и следење на детали за сметката (салда, дозволено пречекорување, потрошен дел од дозволеното пречекорување и слично).

УНИ Банка
Твојата Банка

## Отворање на платежна сметка







Преку опцијата Отворање на нова сметка физичкото лице резидент може да отвори нова сметка во Банката. Се избира продукт платежна сметка, се врши избор на валута МКД/ЕУР/УСД, двете полиња за согласност се задолжителни и потребно е истите да се потврдат.

Се одбира опцијата ”ДОГОВОР”, со што следи потпишување на Договорот. Статусот на сметката се следи преку менито Доставени документи.

Оваа услуга е достапна само клиенти физички лица.

## Затворање на платежна сметка




Преку оваа опција физичкото и правното лице резидент може да затвори сметка, која нема обврски и продукти во Банката. Последната сметка се затвора само преку експозитурите на Банката. Се избира сметката која се затвора и се отвора копчето за детали, од каде што се одбира опцијата Затворете ја следната сметка. Со цел успешно затворање на сметката потребно е да се пополни причината за затворање на сметка и да се потврдат согласностите за прифаќање на условите. Со авторизација на овој процес сметката успешно се затвора. Статусот на сметката се следи преку менито Доставени документи.

## 3.2 ДЕПОЗИТИ




Со избор на конкретен депозит имате можност за:

**Извештаи** – преглед на приливи и одливи

**Прилив** – опција да дополните депозит, оваа услуга е достапна само клиенти физички лица

**Одлив** – опција да повлечете средства од депозит, оваа услуга е достапна само клиенти физички лица

**Детали** – информации за депозитот

## Отворање на депозит

Преку таб Депозити може да се отвори нов депозит и да се прегледаат сите постоечки депозити. На првиот екран од таб Депозити со избор на полето “Отворете нов депозит”, има можност да се избере депозитен продукт.









По изборот на депозитен продукт потребно е да изберете:

- валута во која ќе се отвори новиот депозит
- платежна сметка на која се наоѓаат средствата наменети за отворање нов депозит
- период на орочување на депозитот – 1,3,6,12,24 или 36 месеци
- метод на пресметка на камата – по доспевање или месечно




Со избор на полето Договор се генерира Договор за паричен депозит. За да се отвори депозитот потребно е да се авторизира договорот. По избор на полето Авторизирај и потпишување на истиот, новиот депозит е отворен.

УНИБанка
Твојата Банка

## Надополнување на депозит

Преку табот Депозити, со листање на десно на првиот екран се добива преглед на сите постоечки депозити.
Со избор на депозитот се добиваат информации за депозитот и можност за надополнување. Полето “Прилив” води кон екран за надополнување на депозитот.
Се внесува износ на надополнување на депозитот и се авторизира.



## 4. ПЛАЌАЊА




Мени за плаќања

## 4.1 Плати на пријател




Контактите од листата кои имаат сметка во УНИБанка се обележани со логото на Банката. Кон нив може да платите преку опцијата Плати или да побарате пари преку опцијата Побарај пари.

**Плати** - За да испратите пари на пријател - само треба да го изберете од Вашата листа со контакти и да го внесете износот. Сметката на пријателот потребно е да биде отворена во УНИБанка. Трансферот ќе се изврши веднаш. Едноставно, брзо и лесно во рамките на нашиот систем.

**Побарај пари -** Може да побарате пари од пријател исто преку Вашата листа со контакти. Сметката на пријателот потребно е да биде отворена во УНИБанка. Пријателот може да го одобри побараниот износ или да направи одбивање на барањето. Тоа може да го следите преку мени Последни трансакции и преку Доставени документи и Документи за потпис.

**Додади контакт** - Опцијата Додади контакт се користи за додавање на нов пријател во листата.

**Важно:** На менито кое се отвора при реализација на оваа функција, Името и презимето на примачот се појавува од регистрацијата на клиентот во базата на податоци на Банката на кој е регистриран избраниот телефонски број. _Важно е да направите проверка на името и презимето на Вашиот пријател пред да пратите или побарате пари._

Оваа услуга е достапна само клиенти физички лица.

## 4.2 Мои сметки- пренос помеѓу сопствени сметки




Преку опцијата Мои сметки се врши пренос на средства помеѓу сопствени сметки. Преносот може да се направи помеѓу сопствени сметки отворени во денари или меѓу денарска и валутна сметка за трансакции кои се дозволени согласно законската регулатива.

4.3. Плаќања (режиски трошоци, Буџет, Плаќање со фоилио број, користење на шаблон)



- НОВ ПРИМАЧ







Пред да се внесе налогот, задолжително се регистрира примачот преку опцијата “Нов примач”.
Не може да се изврши плаќање доколку примачот не се евидентира во менито “Нов примач”. Внесот на примачот започнува со внесување на сметката /Iban-от на примачот, се пополнува називот и адресата на истиот, ако се работи за примач во странство се дополнува со земја на примач и SWIFT кодот на банката на примачот. Ова се прави само еднаш за еден примач.

Примачите кон кои веќе имате извршено плаќања се наоѓаат во т.н. Листа на примачи.

**Клиентските трансфери** (интерниот, меѓубанкарскиот трансфер во денари, како и трансфер во девизи) се вршат преку избор на корисникот од листата на примачи. За девизните плаќања се приложува и документ за плаќањето (согласно информација за задолжително прикачување на документација), преку вчитување на датотека. Задолжително се пополнуваат податоците означени во полето НБРСМ. При извршување на трансакцијата може да се побара договорен курс.

- РЕЖИСКИ ТРОШОЦИ




**Режиски трошоци** е опција која е достапна за клиенти физички лица кои плаќаат месечни комунални услуги. Плаќањето се врши преку листа на примачи кои нудат вакви услуги и се претходно дефинирани во самата апликација. Оваа услуга е достапна само клиенти физички лица.

- ПП 50




**ПП50** е налог кој се користи за плаќање кон буџетските институции со трезорска сметка и за плаќања кон Фондот за здравство. Сметките се претходно дефинирани во самата апликација.

- ПП 53




**ПП53** е налог кој се користи за исплата на плати и кирии.
Со избор на сметката, називот на налогодавачот се полни по автоматизам. Понатаму се внесува износот, фолио бројот и бројот на налози, кои се содржани во декаларацијата издадена од Управата за јавни приходи.

- ПЛАЌАЊЕ ПРЕКУ ШАБЛОН

Преку екранот претставен подолу може да вршите и плаќања, кои претходно ги имате зачувано како шаблон.




**Креирање на шаблони** 

При внес на налог истиот може да го зачувате како шаблон и да го користите за понатамошни плаќања. Се користи како опција за плаќања кои се чести и идентични со цел намалување на времето за внес на налог.

Преку екранот од кој се внесува налогот истиот во согласност со привилегиите и потребите може да се:

- Авторизирај 

- Сними за потпис 
- Зачува како шаблон 

Налогот снимен за потпис може да се потпише, да се зачува како шаблон или да се избрише. Бришење се врши на знакот 

# 5. КАРТИЧКИ

## Дебитни и кредитни картички

Преку ова мени може да ги следите Вашите дебитни и кредитни картички, со детали за салдата и направените авторизации со истите. Може да направите предвремена отплата на долгот по кредитната картичка, преку избор на опцијата “Плати”, која води кон шаблон на налог во кој го внесувате само износот кој сакате да го платите. Исто така, има информација за: расположливото салдо на картичката, рок на важност на картичката, платежна сметка со која е поврзана конкретната картичка, статус итн.







**ЛИМИТИ** - Промената на лимитите на дебитни и кредитни картички се врши со избор на опцијата “ЛИМИТИ” при што на следниот екран можат да се видат постојните активни дневни лимити. Бараните дневни лимити се менуваат во соодветните полиња за АТМ лимит, ПОС лимит и Вкупно, се прифаќаат изјавите во долниот дел на екранот и се потврдуваат со избор на полето “ПРОМЕНИ ЛИМИТИ”. По успешно авторизирано барање со потпишување со ПИН или Биометрија (Fingerprint or Face recognition), бараните лимити се веднаш променети.
Промената на дневните лимити не е дозволена за некативни и блокирани картички.

**БЛОКИРАЈ** - Промената на статусот на картичката можете да ја извршите со избор на опцијата “БЛОКИРАЈ” или “ДЕБЛОКИРАЈ” доколку станува збор за картичка која веќе е блокирана. На следниот екран се прикажани деталите за конкретната картичка, се прифаќаат изјавите во долниот дел на екранот и со блокадата/деблокадата се потврдува со избор на полето “АВТОРИЗИРАЈ”. По успешно авторизираното барање со потпишување со ПИН или Биометрија (Fingerprint or Face recognition), статусот на картичката е веднаш променет.

## 6. ДРУГО

Преку таб “Друго” се достпни следниве сегменти: Апликации, Дополнително, Барања и Информации

### 6.1 Апликации- кредити, депозити, известувања




Преку менито Друго, сегмент “Апликации” имате пристап до:

- Кредити – преглед на состојба на кредити
- Депозити – Отворање на нов депозит (можност за отворање депозит) и Состојба на депозити (преглед на сите Ваши депозити)
- Известувања – сите нотификации за кои имате направено пријава дека сакате да ги добивате

- Кредити




Преку менито Кредити, имате информации за состојба на кредитите во однос на анутитет, остаток на главница и датум на следен анутитет и сл.

## 6.2 Дополнително




Преку менито Друго, сегмент “Дополнително” имате пристап до:

- Отворање на нов траен налог, оваа услуга е достапна само клиенти физички лица
- Преглед на регистар на отворени трајни налози , оваа услуга е достапна само клиенти физички лица
- Опција за преземање извештај за надоместоци, оваа услуга е достапна само клиенти физички лица
- Известувања и распоредување на девизен прилив
- Скенирање на QR-код ако се најавувате или реализирате и авторизирате плаќања на web апликацијата на интернет банкарство на Банката – Е-УНИБанка
- Користење на функционалноста Мој буџет, оваа услуга е достапна само клиенти физички лица
- Дефинирање на услуги за известувања како и
- Visa+ функционалност овозможена од Visa, преку која можете да се регистрирате за прием на средства на Visa картичка преку мобилен телефонски број или да испратите средства преку мобилен телефонски број или на број на Visa картичка, оваа услуга е достапна само клиенти физички лица

- Нов траен налог и Регистар на траен налог

  - Изберете сметка на примач од внесени корисници
  - Внесете износ за плаќање
  - Датум на прва и последна трансакција
  - Авторизирајте налог

Предглед на сите трајни налози со статуси е достапен во мени “Регистар на траен налог”










УНИ Банка
Твојата Банка

- ## Извештај за надоместоци

Извештајот за надоместоци се изготвува еднаш годишно за сите платежни сметки и клиентот има достап кон истиот за изминати години.




## Услуги

Преку оваа опција имате можност да дефинирате известувања кои ќе ги праќа Банката.



- Известување за девизен прилив

Преку оваа опција се врши распоред на девизен прилив по претходно добиено известување за истиот, согласно референтниот број содржан во самото известување. Со авторизација на документот истиот се доставува до Банката.



- Мој буџет




Преку ова мени пристапувате до алатката Мој буџет која претставува функционалност на мобилната апликација за управување со личните финансии. Преку истата е овозможено:

- креирање месечен буџет со поделба на трошоците по категории на трошење;
- поставување цел за заштеда;
- следење на трошењата по категории, примач, земја и графички приказ на истите;
- дополнителни можности;
- нотификации за Мој буџет.

Креирање буџет и поставување цел за заштеда

За креирање месечен буџет се користи полето месечен буџет, при што се отвора екранот “КРЕИРАЊЕ НА МЕСЕЧЕН БУЏЕТ”, во кој ги внесувате вашите износи за буџет, цел за заштеда, како и поделба на буџетот по дефинираните категории.

- *Категориите се преддефинирани и истите не може да се бришат.*
- *Нови категории може да се додадат, согласно вашите потреби.*




Во тековниот месец постои можност за измени во првично дефинираниот буџет.
За буџетите од претходните месеци постои можност за прегледување.

Нова категорија може да додадете преку полето + “НОВА КАТЕГОРИЈА” при што се отвора нов екран за креирање на истата.

УНИ Банка
Твојата банка

Следење на трошењата

Секојдневните трошења се евидентираат во апликацијата Мој буџет и системски се категоризираат.
Следењето на трошоците е преку следните екрани, каде се гледаат сите трошења, трошења по категории, по примач и земја.









Дополнителни можности

Како корисник во однос на направените трансакции достапни Ви се дополнителни можности кои можете да ги направите со влез во конкретната трансакција:

- промена на категорија на трошење - изберете ја новата категорија која сакате да ја доделите.







- исклучување од буџет (можност за исклучување на одредена трансакција од буџетот), преку користење на полето “Исклучи од буџетот”




УНИ Банка
Твојата Банка

- поделба на трансакција (можност за поделба на трансакцијата на 2 или повеќе други трансакции), преку полето “Подели’.




- додавање на фискална сметка – потврда кон трансакцијата, преку полето “Поставете потврда”.




<u>Нотификации за Мој буџет</u>

Нотификациите се дневни, неделни, месечни, како и нотификации поврзани со конкретни ситуации – на пр: надминат буџет, остварена заштеда и слично.

- Visa+ Испрати/Прими пари преку мобилен телефонски број




***<u>Visa+ Испрати/Прими пари преку мобилен телефонски број</u>*** - се пристапува до функционалност Visa+ за брз пренос на средства овозможена од Visa, која Ви овозможува:

1. поврзување на мобилен телефонски број со Вашата Visa картичка со цел прием на средства, без да споделувате детали од Visa картичката;
2. ажурирање на поврзаната Visa картичка;
3. бришење на поврзаната Visa картичка;
4. испраќање односно брз трансфер на средства со користење на мобилен телефонски број од зачуваните контакти во контакт листата;
5. испраќање односно брз трансфер на средства со користење на број на Visa картичка и детали за примачот, кои примачот на средства ги споделува со испраќачот за да се изврши преносот.

Оваа функционалност е овозможена само за физички лица, а пренос на средства можете да извршите до следните земји: Албанија, Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Грција, Унгарија, Исланд, Италија, Косово, Латвија, Лихтенштајн, Литванија, Луксембург, Северна Македонија, Малта, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Ирска, Србија, Романија, Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска и Обединети Арапски Емирати.
Лимити за пренос на средства:

- Поединечна трансакција – 200 USD во денарска противвредност;
- Дневни и месечни лимити:

| | **Дневно** | | **Месечно** | |
|---|---|---|---|---|
| | **во земјата** | **во странство** | **во земјата** | **во странство** |
| **Број на трансакции по испраќач** | 10 | 5 | 50 | 5 |
| **Вкупен износ (USD) по испраќач** | 950 | 500 | 11.000 | 2.500 |
| **Број на трансакции по примач** | 10 | 5 | 50 | 5 |
| **Вкупен износ (USD) по примач** | 950 | 500 | 11.000 | 2.500 |

***<u>Мојата поврзана картичка</u>***

1. За да ја *поврзете Visa картичката* со мобилен телефонски број, потребно е да пристапите во менито Visa+ Испрати/Прими пари преку мобилен телефонски број и да ја изберете опцијата Мојата поврзана картичка. Со тоа, се појавува нов екран на кој има краток опис за функционалноста (екран бр. 1).

Екран бр.1




Екран бр.2




Екран бр.3




Екран бр.4




Екран бр.5




За започнување на регистрација изберете ја опцијата “ЗАПОЧНИ”. На наредниот екран се прикажани следните податоци (екран бр. 2):

- Вашиот мобилен телефонски број – истиот мобилен телефон кој е поврзан со Вашата мобилна апликација;
- Вашето име и презиме - презимето е прикажано скратено, односно само првата буква;
- Visa картички кои ги користи клиентот и од кои има можност да избере со избор на полето “ИЗБЕРЕТЕ КАРТИЧКА”. Потоа се продолжува со избор на “ПОВРЗИ КАРТИЧКА”.

На следниот екран (екран бр.3) потребна е согласност од клиентот за споделување на податоците за име, презиме и мобилен телефонски број со испраќачот на средствата, за цели на верификација при прием на средства на регистрираната Visa картичка во согласност со Политиката за приватност на Банката, со избор на опцијата “ПОТВРДИ”.

За да биде завршен процесот на поврзување на мобилниот телефонски број со Visa картичка, барањето треба да се потврди со ОТП

лозинка, која пристигнува на мобилниот телефонски број (екран бр. 4). По внесување на точна ОТП лозинка, се потврдува поврзувањето на мобилниот телефон со избраната Visa картичка (екран бр. 5).
По извршено успешно поврзување на Visa картичката со мобилен телефонски број, првиот екран не се појавува, односно директно се појавува екран на кој се прикажани податоците со избраната картичка. На овој екран клиентот има можност да ја ажурира/промени или да ја избрише поврзаната Visa картичка.

2. *Ажурирање на поврзаната Visa картичка*. Доколку имате извршено поврзување на мобилниот телефонски број со Visa картичка, а користитите две или повеќе картички од Visa брендот, може да извршите ажурирање на поврзаната картичка, односно да поврзете друга картичка. Со пристапување во менито “Мојата поврзана картичка”, се менува картичката во долниот дел каде што е прикажана, односно се избира друга картичка со избор на полето “ИЗБЕРЕТЕ КАРТИЧКА”, а потоа се продолжува на “ПОВРЗИ КАРТИЧКА”. При менување на картичката, клиентот повторно дава согласност, како при регистрација. Понатаму, останатите чекори се исти како претходно опишаните при регистрација.

3. *Бришење на поврзана картичка*. Во секое време можете да ја избришете поврзаната картичка во Visa+. Истото се извршува со пристапување во менито Мојата поврзана картичка (екран бр. 2) и со избор на иконата во горниот десен агол. Со потврда на изборот за бришење, се добива нотификација дека поврзаната картичка е успешно избришана.

4. *Испраќање на средства преку Visa+ со користење на зачуваните контакти во контакт листата*. За испраќање на средства на зачувани контакти или на број на картичка, потребно е да се пристапи до опцијата “Испрати пари”. За да може да се препознаат контактите кои извршиле регистрација за прием на средства преку Visa+, на следниот екран потребно е да дозволите пристап до Вашите контакти, со избор на опцијата “ДОЗВОЛИ”. Ќе се појави нов дијалог прозорец за согласност, на кој треба да се избере “СЕ СОГЛАСУВАМ” доколку сакате да испраќате средства преку зачуван контакт. Контактите кои се регистрирани за прием на средства преку Visa+, ќе се појават сортирани во најгорниот дел на листата и ќе бидат означени со , а може и да се пребараат преку полето за пребарување.



По избор на контактот на кој сакате да испратите средства, се појавува екран во кој се пополнуваат следните податоци:

- се избира картичката од која сакате да испратите средства. Можете да изберете една од дебитните картички кои ги користите, од паѓачката листа на картички и со тоа ја избирате платежната сметка која ќе биде задолжена за оваа трансакција, како и за провизија за преносот;
- се внесува износ во МКД кој сакате да го испратите до избраниот контакт;
- Полињата "Име" и "Презиме" се пополнуваат автоматски со податоците кои самиот примач ги регистрирал;
- податоците во полињата "Адреса" и "Град" се опционални и може да останат непополнети доколку немате точен податок;
- во полето "Земја" се избира матичната земја на примачот на средствата од понудениот избор;
- последното поле "Примачот е ист како испраќачот" се штиклира доколку испраќате средства на друга картичка во Ваша сопственост, во истата или во друга банка.




На наредниот екран се сумирани податоците во врска со трансакцијата: износ, платежна сметка која ќе биде задолжена, детали за примачот (износ, име, презиме, телефонски број, земја итн.). Доколку внесените податоци се точни, можете да продолжите со избор на опцијата "ПЛАТИ". Понатаму, потребно е трансакцијата да се потврди со ОТП лозинка која ќе ја добиете преку СМС. Трансакцијата е успешно извршена доколку имате потврда на екранот за успешна трансакција.

5. *За испраќање, односно брз трансфер на средства со користење на број на Visa картичка и детали за примачот*, кои примачот на средства ги споделува со испраќачот за да се изврши преносот, потребно е да се пристапи до опцијата "Испрати пари".

Во горниот дел на екранот каде што се контактите, изберете ја опцијата "Испрати на Visa картичка". Потоа на следниот екран:

- се избира картичката од која сакате да испратите средства, односно се избира картичката која е поврзана со сметката од која ќе имате задолжување. Можете да изберете картичка од паѓачката листа на картички кои ги користите и со тоа ја избирате платежната сметка која ќе биде задолжена за оваа трансакција, како и за провизија за истата;
- се внесува износ во МКД кој сакате да го испратите на примачот;
- во полето “Број на картичка на примачот” се внесува целосен број на Visa картичка која примачот претходно ја споделил со Вас;
- во полињата “Име” и “Презиме” се пополнува име и презиме на примачот;
- се внесува адреса на примачот и град во соодветните полиња;
- во полето “Земја” се избира матичната земја на примачот на средствата од понудениот избор од листата на земји. Доколку примачот, односно издавачот на Visa картичката не е во листата на земји, значи дека нема можност за испраќање на средства.




На наредниот екран се сумирани податоците во врска со трансакцијата: износ, платежна сметка која ќе биде задолжена, детали за примачот (износ, име, презиме, телефонски број, земја итн.). Доколку внесените податоци се точни, можете да продолжите со избирање на опцијата “ПЛАТИ”. Трансакцијата се потврдува со внесување на точна ОТП лозинка која ќе ја добиете преку СМС. Трансакцијата е успешно извршена доколку имате потврда на екранот за успешна трансакција.

## 6.3 Барања

Преку менито Друго, сегмент “Барања” - може согласно Вашите овластувања на профилот да доставите барање за услуги во Банката како што се: барање за УНИ СМС услуга, користење на пакет и договарање на курс.



- Барање за УНИ СМС услуга

Преку услугата УНИ СМС клиентот ја овластува Банката да му испраќа СМС известувања за авторизации со сите картички издадени на негово име.



- ПАКЕТИ

**Отворање на пакети**

Преку менито Друго, во сегмент “Барања” може да се отвори пакет на услуги.




На првиот екран од таб Пакети потребно е да се избере тип на пакет и платежна сметка од која ќе се наплатува пакетот. Со означување на согласностите и потврда на истите, пакетот е отворен. Пакетот станува активен од следен работен ден, по наплата на средства од платежната сметка. Статусот на пакетот активен/неактивен може да се провери во било кое време преку екранот Пакети.












- Договарање на курс

Договарање на курс е можност да се побара поволен курс секој работен ден од 08:30 до 15:45 часот. Добиената референца за котиран курс може да се искористи 30 мин. за USD, CHF, GBP и 2 часа за EUR.
По 15:45 часот не може да се реализира трансакција со претходно добиен повластен курс за USD и EUR, иако е во рамки на термин (30 мин за USD и 2 часа за EUR).
По 14:00 часот не може да се реализира трансакција со претходно добиен повластен курс за CHF, иако е во рамки на термин 30 мин.
По 14:30 часот не може да се реализира трансакција со претходно добиен повластен курс за GBP, иако е во рамки на термин 30 мин.










Барање се поднесува преку мени Друго-Договарање на курс, избор на копче ⊕

Статусот на барањето може да се следи преку мени Друго-Договарање на курс

Со избор на конкретно барање имате увид на детали и статус на барањето: Инициран, Моментален (не искористен), Обработен, Откажан.

## 6.4 Информации

Преку менито Друго, сегмент "Информации" - можност за добивање на општи информации како што се: курсна листа, информации за експозитури и банкомати, контакт информации за Банката, Тарифа на надоместоци на Банката, Општи услови, Политика за приватност и слично.



## 6.5 Јазик, помош, пораки, приспособувања

**Мени Друго**




Преку менито Друго, таб “Поставки” - може да направите промена на јазикот, промена на предефинирана сметка, лозинката, PIN кодот, политиката за најава, како и да управувате со своите известувања/нотификации.
Преку менито Друго, таб “Поддршка”- може да доставите порака до центарот за поддршка на корисници.
Преку менито Друго, таб “Профил”- може да уредите податоци за Вашиот кориснички профил.